**Известување за концентрација со која Ерсте Асет Менаџмент ГмбХ, Австрија ќе стекне директна контрола над Импакт Асет Менаџмент ГмбХ, Австрија**

**(предмет бр. 08-131 од 2024 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 16.09.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација кое се однесува на стекнувањето на директна контрола од страна на Ерсте Асет Менаџмент ГмбХ со регистрирано седиште на Ам Белведере 1, 1100 Виена, Австрија над Импакт Асет Менаџмент ГмбХ со регистрирано седиште на Стела-Клајн-Лов-Вег 15, 1020 Виена.

На 11 септември 2024 година, Ерсте Асет Менаџмент ГмбХ со основни дејности кои се состојат од дејности за управување со средства, од една страна како купувач, а од друга страна Кјубик (Лондон) Лимитед**,** приватно друштво со ограничена одговорност со основни дејности кои се состојат од консултантски активности за управување освен финансиско управување и Гинтер Кастнер, австриски државјанин, како продавачите („склучиле Договор за купопродажба на удел каде Ерсте Асет Менаџмент ГмбХ стекнува удел во Импакт Асет Менаџмент ГмбХ, австриско друштво со ограничена одговорност со основни дејности кои се состојат од распределба на средства, анализа и управување со насочени и одржливи инвестиции.

Самото **Ерсте Асет Менаџмент ГмбХ** не е присутно во Северна Македонија и не генерира промет во Северна Македонија.

Ерсте Асет Менаџмент ГмбХ е дел од групацијата на компании Ерсте, еден од најголемите даватели на финансиски услуги во Централна и Источна Европа, кое нуди банкарски услуги на физички и правни лица, како и финансиски услуги. Работењето на Групацијата Ерсте е поделено на банкарство на мало, комерцијално банкарство, групациски пазари, активно и пасивно управување и локален центар за комерцијални трансакции, доверителско банкарство, како и центар за комерцијални трансакции на ниво на групација. Сепак, примарна дејност на Групацијата Ерсте е давање банкарски услуги на физички и правни лица. Групацијата Ерсте е присутна во Северна Македонија преку поврзани правни лица и генерира промет во Северна Македонија. Подолу е списокот на поврзани лица на Групацијата Ерсте кои се регистрирани во Република Северна Македонија:

**-Шпаркасе Банка АД Скопје** со седиште на Васил Иљовски 14, Скопје, Република Северна Македонија, чија основна дејност е друго монетарно посредување.

**-Шпаркасе Лизинг ДОО Скопје** со седиште на ул. Македонија 34, Скопје, Северна Македонија, чија основна дејност е финансиски лизинг.

**С-АМЦ1 ДООЕЛ Скопје** со седиште на Васил Иљовски 14, Скопје, чија основна дејност е купопродажба на сопствен недвижен имот.

Целното друштво- **Импакт Асет Менаџмент ГмбХ** не е присутно во Северна Македонија и не генерира промет во Северна Македонија.

Трансакцијата се состои од стекнување на директна заедничка контрола од страна на Ерсте Асет Менаџмент ГмбХ, врз Импакт Асет Менаџмент ГмбХ, во согласност со член 12, став 1, точка 2 од Законот.

За целите на ова Известување, релевантната дефиниција на пазарот може да се остави отворена, но во случај Комисијата да одлучи да го дефинира релевантниот пазар, Учесниците предлагаат релевантниот пазар на производи да се дефинира како пазар за управување со средства.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

17.09.2024 година

Скопје